Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Градоначалникот на Општина Кочани го издава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните на Општина Кочани дека се организира **повторна јавна презентација и јавна анкета** по Изменување и дополнување на Урбанистички План Вон Населено Место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в. "ЌЕРАМИДНИЦА" КО КОЧАНИ, за блок број 1, Општина Кочани, плански период 2021-2026 предлог план со Технички број 03-96/2021 од мај 2023, со површина 20,38 ха, изработен од ДПТУИ ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица.
**Изменување и дополнување на Урбанистички План Вон Населено Место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в. "ЌЕРАМИДНИЦА" КО КОЧАНИ, за блок број 1, Општина Кочани**, плански период 2021-2026 го опфаќа блок 1, дефиниран со УПВНМ, со проширување на југозападната страна. Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:
-од северната страна границата е по осовина на магистралниот пат М5 Штип-Делчево,
-од источната страна граница е по границата на блок1,
-од јужната страна границата е по осовина на ,, Кочанска Река,, и по катастарски парцели, и профил на индустриска улица 1.
-од западнта страна границата е по осовина на ,,Железничка пруга,,.

## ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА по

**Изменување и дополнување на Урбанистички План Вон Населено Место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в. "ЌЕРАМИДНИЦА" КО КОЧАНИ, за блок број 1, Општина Кочани** плански период 2021-2026 предлог план**,** ќе се одржи на ден **03.07.2024г. со почеток во 11$^{00}$** часот во салата на советот на Општина Кочани.

## ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА по

**Изменување и дополнување на Урбанистички План Вон Населено Место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в. "ЌЕРАМИДНИЦА" КО КОЧАНИ, за блок број 1, Општина Кочани** предлог план ќе трае 10 работни дена, а ќе се спроведе во периодот од **27.06.2024 год.** до **10.07.2024год**. во кој рок заинтересираните физички и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки и предлози на **анкетни листови**, во писмена форма, кои можат да ги подигнат во архивата во општинската зграда, од веб страната на Општина Кочани, или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Во прилог на анкетните листови да се достави копија од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од урбанистичкиот план ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на зградата на Општина Кочани, на веб страната на општината www.kocani.gov.mk., а подетални информации во врска со урбанистичкиот план ќе можат да се добијат во одделението за урбанизам и заштита на животна средина кое се наоѓа на 1 кат во општинската зграда.

**Бр.22-915/3**
**06.06.2024 год**.
**Кочани**

Изработил: Ружица Минова

Р. Минова

Контролирал / Одобрил:
Раководител на сектор за урбанизам,
заштита на животна средина и комунални работи
Дивна Цековска

**ОПШИНА КОЧАНИ**
**Градоначалник**
**Љупчо Папазов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ